## МАТЕМАТИЧКИ ШКОЛИ И КАМПОВИ

*Петар Соколоски*
*Институт за математика, Природно-математички факултет , Скопје*
e-mail: petar@pmf.ukim.mk

Математичките школи и кампови имаа голема традиција во Република Македонија. Главен организатор на овие настани беа локалните математичките друштва, Институтот за математика или Сојузот на математичари на Македонија. По подолг период се одржа Есенската математичка школа 2019. Во овој труд ќе бидат наведени концептот, форматот и предизвиците со кои се соочи организаторот при подготвувањето и спроведувањето на оваа школа, но и различните концепти и идеи кои биле спроведувани или кои би можеле да бидат спроведувани во иднина.